РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 26. 06. 2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 86 | | |

## Барање информации

From [redacted]
To <marija.atanasovska@bitola.gov.mk>
Date 2026-06-22 13:31
Priority Normal

Ве молам за одговор на следните прашања/информации од јавен карактер.

1. Дали е направена анализа за потребите и придобивките од електрични велосипеди во град како Битола со само околу 2.500 м „велосипедски патеки„ на тротоари?

Ако е направена бараме истата да биде јавно достапна.

2. Колку велосипеди ќе бидат набавени со пренаменетите средства и со каква постапка истите ќе се набават?
3. Да ни се достават Локациите на пунктовите за изнајмување на велосипедите согласно Програмата за урбана опрема.
4. Колкава ќе биде цената на изнајмување по час?
5. Кој ќе се грижи за велисипедите, нивната амортизација, логистика, заштита од вандализам?
6. Дали изнајмувањето ќе го врши општината или друго јавно претпријатие?
7. Дали истите ќе се изнајмуваат од граѓани и туристи од почетна точка Педагошка до Император на „ велосипедски патеки„?
8. Кој ќе биде одговорен за безбедноста на граѓаните доколку истите се користат на небезбеден коловоз?
9. Каков ќе биде системот на измајмување? електронски со апликација или ќе бидат вработени лица на пунктовите?
10. Дали Општина Битола има регистар на оџаци?
11. Ако има зошто не е јавно достапен?
12. Колку инспекциски надзори се направени во домаќинствата кои во 2020 година со Изјава под морална и кривична одговорност го променаа огревното дрво како енергенс во електрочна енергија и за тоа набавија инвертер клима со исплата на целосниот износ од 60.000 ден од страна на општината?
13. Колкав износ ќе добиваат домаќинствата за субвенционирање за чистење на оџаците и со која мерка истите ќе ги контролирате за тоа дали се оџаците правилно исчистени?

Барам кратки,концизни и поединечни одговори на секое прашање.

Советник од Поинаку, Миле Трајковски.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урбанистичко планирање
и заштита на животна средина

Бр.11-86/2
26.06.2026

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-86/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

Примил:
26.06.2026

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање 6 заштита на животната средина
06.06.2026 год.
Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 07. 07. 2026

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 86/3 | | |


До
Марија Стојановска
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање врска бр.11-86/2 од 26.06.2026година.
ВРСКА: Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-86/2 од 26.06.2026год

Почитувана,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. бр.11-86/2 од 26.06.2026 година, кое се однесува на Барање поднесено од [redacted] Ве информираме дека Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина Ви го доставува одговорите само на прашањата кои се надлежност на одделението.

10. Во моментов, Општина Битола нема воспоставен регистар на оџаци. Со реализацијата на јавниот повик за чистење на оџаци во вредност од 200.000 денари, обезбедени со амандман на советничката од ЗНАМ, ќе започне формирањето на првиот регистар на домаќинства. Во регистарот најпрво ќе бидат евидентирани домаќинствата кои ќе бидат опфатени со мерката за чистење на оџаците, а дополнително ќе бидат внесени и сите претходни корисници на јавниот повик за набавка на инвертер клима-уреди од 2020 година, кои потпишале изјава дека се откажуваат од користење на дрво како огревно средство.

Оваа мерка е предвидена како дел од активностите за постепено воспоставување регистар на оџаци и домаќинства што користат огревно дрво за затоплување, со цел подобро планирање на мерките за намалување на загадувањето на воздухот.

11.Со изработката на Регистарот на оџаци после спроведување на Јавниот повик истиот ќе биде поставен на страната на Општина Битола.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 08. 07. 2026
Орг.Един: 11 | Број: 86/4 | Прилог: | Вредност:

РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА БИТОЛА
**Градоначалник**

**До: Лица за пристап за информации**
**од јавен карактер**
**Врска:11-86/2 од 22.06.2026 година**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер со архивски број 11-86/1, Ве известуваме дека одлуката за набавка на електрични велосипеди произлегува од потребата за урбана мобилност, подобрување на квалитетот на животната средина и поттикнување на користењето на алтернативни и еколошки начини на превоз на територијата на Општина Битола.

При донесувањето на оваа одлука беше земено предвид постоењето на веќе изградената велосипедска инфраструктура, односно велосипедските патеки кои се протегаат на улиците „Васко Карангелевски“ и „Партизанска“, како и можностите за нивно понатамошно искористување и надградување. Истовремено, анализирани се потребите и интересот на граѓаните и посетителите на градот за користење на современи, практични и еколошки превозни средства кои придонесуваат за намалување на сообраќајниот метеж, намалување на емисиите на штетни гасови и унапредување на здравите животни навики.

Планирано е електричните велосипеди да бидат набавени по завршувањето на постапката за јавна набавка, која согласно предвидената динамика се очекува да биде спроведена во текот на третиот квартал од тековната година. По успешно завршување на постапката и исполнување на сите законски и административни услови, ќе се пристапи кон реализација на набавката и ставање на велосипедите во функција.

Во однос на прашањето за цената на користење на електричните велосипеди и трошоците поврзани со нивното одржување, Ве информираме дека истите ќе бидат утврдени со посебна одлука на јавното претпријатие кое ќе биде задолжено за управување, одржување и стопанисување со системот за електрични велосипеди. При утврдувањето на ценовникот ќе се води сметка за обезбедување пристапност за граѓаните, финансиска одржливост на системот и квалитетно и редовно одржување на опремата.Во врска со прашањата под број 3,7,9,Ве известуваме дека локациите на пунктовите,како и системот за изнемување со останатите детали ќе бидат утврдени со посебна Одлука а врз осноца на програмите,прокетите и стратешките документи со кои располага Општината.

.

Со почит.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА БИТОЛА**
**ТОНИ КОЊАНОВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk
www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-86/5
08.07.2026

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] , поднесено на **22.07.2026 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-86** од **22.07.2026 година**, каде бара информации за набавка на елктричните велосипеди во град Битола, локациина пунктови,цена на изменување,регистри на оџаци,испекторски надзори направени во домаќинствата кои набавија инвертер клими во 2020 година со потпишана изјава за промена на огревното дрво како енргенс со електрична енергија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број **11-86** на ден **22.07.2026 година.** Во барањето наведе дека бара информации за за набавка на елктричните велосипеди во град Битола, локациина пунктови,цена на изменување,регистри на оџаци,испекторски надзори направени во домаќинствата кои набавија инвертер клими во 2020 година со потпишана изјава за промена на огревното дрво како енргенс со електрична енергија.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-86/1 од 22.07.2026 год.
2.Допис до одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина 11-86/2 од 26.06.2026год.
3.Одговор од одделение за урбанистичко планирање и заштита на живтоната средина 11-86/3 од 07.07.2026 год.
4.Одговор од Градоначалник на Општина Битола со бр.11-86/3 од 08.07.2026 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 08.07.2026 година, под бр. 11-86/5.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Марија Атанасовска**
---------------------------------